# Билтен на месечни активности
# за месец август 2024

Септември, 2024

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 3

Испит за административно управување..... 4

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 5

Соработка со други институции и меѓународна соработка..... 6

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 6

Јавни набавки ..... 6

Реализација на буџет ..... 7

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец август 2024 година примени се 22 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, 1 (едно) барање е запрено, објавени се 17 огласи, за вкупно 29 работни места за вкупно 29 извршители. За институциите од централната власт нема објавено огласи, додека за институции од локалната власт објавени се 17 јавни огласи за 29 работни места со 29 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | 1 | 17 | 17 | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | / | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 17 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 29 | | / | 3 | / | / | | 2 | 18 | 9 | 29 |
| Извршители | | | 29 | | / | 3 | / | / | | 2 | 18 | 9 | 29 |
| Број на пријавени кандидати | | | 163 | | / | / | / | / | | 26 | 89 | 48 | 163 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 14 | 2 | 1 | 3 | 3 | 7 | | 2 | 12 | 3 | 17 |

*Табела 1. Јавни огласи август 2024*

Во истиот период август 2024 година спроведени се 18 административни селекции за пријавени 194 кандидати, спроведени се 10 испити на кои што се поканети 47 кандидати, од кои полагале 25 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 7 огласи за 16 кандидати. Интервју е спроведено на 7 огласи со вкупно 5 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 7 огласи и предлог за избор на 5 кандидати, а од 14 спроведени огласи објавени се вкупно 24 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 18 | 194 | 10 | 47 | 25 | 7 | 16 | 7 | 5 | 7 | 5 | 14 | 24 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи август 2024*

Во Агенцијата за администрација во месец август 2024 година примени се 4 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 4 огласи, за вкупно 4 работни места за 4 извршители. За институциите од централната власт нема објавени интерни огласи, додека за институциите од локалната власт објавени се 4 интерни огласи за 4 работни места со 4 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">4</td><td rowspan="2">/</td><td rowspan="2">4</td><td rowspan="2"></td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>/</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td>4</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>4</td><td rowspan="2"></td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td rowspan="2"></td><td>/</td><td>3</td><td>1</td><td>4</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>4</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>3</td><td>1</td><td>4</td></tr>
</table>

*Табела 3. Интерни огласи август 2024*

## Испит за административно управување

Во текот на месец август 2024 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 74 кандидати. Од нив на испитот се појавија 31 кандидати од кои испитот го положиле 17 кандидати (55%), а не го положиле 14 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 57 се вработени во јавен сектор, 7 во приватен и 10 се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 74 | 31 | 17 | 14 | 57 | 7 | 10 |

*Табела 4. Административно управување август 2024*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец август 2024 година беа поднесени 52 жалби и приговори на административните службеници, од кои 44 жалби и приговори на државните службеници и 8 жалби на јавните службеници.

Во месец август 2024 година во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 9 седници, на кои беше одлучено по 58 жалби и приговори, од кои 46 жалби и приговори на државните службеници и 12 на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 26 предмети од месец август преминуваат во месец септември 2024 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 46): одбиени се 8 жалби, уважени 22 жалби, отфрлени се 11 жалби, ненадлежност 3 жалби, мериторно уважена е 1 (една) жалба и 1 (една) жалба е мериторно одбиена.

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно 12): отфрлени се 2 жалби, 2 жалби се уважени, ненадлежност 2 жалби и 6 жалби се одбиени.

| **Број на примени жалби и приговори** | | **Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј)** | | **Уважени** | | **Одбиени** | | **Отфрлени како недозволени** | | **Отстапени на друг орган** | | **Повлечени од подносител** | | **Не надлежност** | | **Мериторно уважени** | | **Мериторно одбиени** | | **Запрена постапка** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 44 | 8 | 46 | 12 | 22 | 2 | 8 | 6 | 11 | 2 | / | / | / | / | 3 | 2 | 1 | / | 1 | / | / | / |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

*Табела 5. Обработени жалби во август 2024*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец август 2024 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 29 предмети од кој 8 се однесуваат на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 21 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови и други, и тоа: Влада на Република Северна Македонија – Служба за општи и заедницки работи (1) и Генерален секретаријат (1); Министерство за финансии (3); Министерство за економија и труд (1); Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (1); Управен суд (1); Основен суд Тетово (1); Државен управен инспекторат (5); Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (1); Град Скопје (1); Административен службеник (1); Граѓани (2) и анонимно (1).

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 45 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 13 електронски пораки, а за 32 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

# Јавни набавки

Во текот на месец август 2024 година, склучени се 3 Договори за јавни набавки со вкупна вредност од 468.750,00 без ДДВ или 553.125,00 со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор/Одлуки за поништување | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| / | / | / | 3 |

*Табела 6. Јавни набавки август 2024*

Во месец август 2024 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2024 година | Реализација на буџетот до 31.08.2024 | Реализација на буџетот од 01.08.2024 – 31.08.2024 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 27.966.000,00 | 17.523.602,00 | 2.252.556,00 | 10.442.398,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 10.343.000,00 | 6.816.100,00 | 877.396,00 | 3.526.900,00 |
| **404-надоместоци** | 616.000,00 | 0 | 0 | 616.000,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 11.895,00 | 0 | 48.105,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 2.840.000,00 | 1.709.322,00 | 217.306,00 | 1.130.678,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 400.000,00 | 198.487,00 | 5.607,00 | 201.513,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 1.330.000,00 | 697.669,00 | 7.670,00 | 632.331,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.300.000,00 | 895.970,00 | 115.415,00 | 404.030,00 |
| **426-други тековни расходи** | 200.000,00 | 51.306,00 | 3.540,00 | 148.694,00 |
| **464-разни трансфери** | 176.000,00 | 77.202,00 | 0 | 98.798,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 231.000,00 | 0 | 0 | 231.000,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.360.000,00 | 1.363.576,00 | 0 | 996.424,00 |
| ВКУПНО | **47.822.000,00** | **29.345.129,00** | **3.479.490,00** | **18.476.871,00** |

*Табела 6. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*